Основно општинско училиште

**„СТИВ НАУМОВ“**
С К О П Ј Е

# Д Е Л О В Н И К

За работа на Советот на родители
при ООУ„Стив Наумов“

**СКОПЈЕ**
**2018**

Врз основа на член 145 од Законот за основно образование (пречистен текст) Службен весник на РМ. број 103/2008 и член 88 и член 89 од Статутот на Основното општинско училиште „Стив Наумов“ – Скопје, Советот на родителите на седницата одржана на ден 11.09.2018 година, го донесе следниов

# Д Е Л О В Н И К

**за работа на Советот на родителите**
**при Основното општинско училиште „Стив Наумов“ - Скопје**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

член 1

Со овој Деловник се уредуваат работењето, бројот на членовите, начинот на избор и организацијата на Советот на родителите, делокругот на работа, мандатот на членовите на Советот на родителите и друго.

член 2

Со цел да се постигнат подобри резултати во остварувањето на воспитно - образовната работа во училиштето се основа Совет на родителите.

член 3

Училиштето е должно да соработува со Советот на родителите и редовно да ги информира за унапредувањето и усовршувањето на воспитно – образовната работа, како и за методите преку кои ќе се оствари и за други прашања од заеднички интерес за училиштето, учениците и родителите.

## II. ОДБОР НА РОДИТЕЛИ

член 4

Во секое одделение се избира Одбор на родители.

Одборот на родители се состои од 2 (два) члена, од кои еден е претседател, а вториот е заменик.

член 5

Претседателот и заменикот на Одборот на родителите ги избираат родителите – или старателите на учениците од одделението на првиот родителски состанок на почетокот на учебната година, со непосредно и тајно гласање.

член 6

Изборот на Одборот на родителите од претходниот член на овој деловник се врши доколку на родителскиот состанок се присутни 51% од вкупниот број на родители на запишаните ученици во одделението.

Одлуката за избор на Претседател и заменик во Одборот на родителите, е донесена ако за истата гласале мнозинство од присутните родители.

член 7

Мандатот на Претседателот и заменик на Одборот на родителите трае три години, со можност за уште еден повторен избор за време од три години.

член 8

Функцијата на Претседателот и заменик на Одборот на родителите може да им престане:

- по нивно барање;
- по истекот на времето за кое се избрани;
- ако неговото дете го изгуби статусот на ученик во училиштето, по било кој основ;
- ако не присуствува два пати едноподруго на состаноците на Одборот на родителите, а своето отсуство не го оправда;

член 9

Одборот на родителите ќе ги врши следните работи:

- соработува со одделенскиот раководител во остварувањето на воспитно – образовниот процес ;
- соработува посебно во исполнувањето на обврските и остварувањата на правата на учениците во училиштето и надвор од него;
- соработува во остварувањето на општествените, културните, спортските и други активности на учениците во одделението;
- дава мислење за организирање на екскурзии, настава во природа, летување, зимување;
- соработува со одделенскиот раководител за одбележување на значајни празници, а особено за Денот на училиштето;
- го разгледува успехот и поведението на учениците во одделението и во соработка со одделенскиот раководител предлага мерки за подобрување на истите, а особено за стимулирање на ученици што постигнале високи резултати во одделни области од воспитно–образовниот процес и поведението

член 10

Одборот на родителите своите заклучоци ги донесува во форма на препораки, мислења и сугестии.

## III. СОВЕТ НА РОДИТЕЛИ

член 11

Членовите на Советот на родители се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка.

Бројот на членовите на Советот на родителите зависи од вкупниот број на паралелки во училиштето и тоа по еден член од секоја паралелка.

Членовите на Советот на родители се должни да присуствуваат на секоја закажана седница.

Членовите на Советот на родители од своите редови избираат Претседател.

член 12

Претседателот на Советот на родители се бира на првата конститутивна седница со непосредно и тајно гласање.

Првата конститутивна седница на Советот на родителите ќе ја свика Претседателот на Советот на родители со покана во писмена форма, со утврден дневен ред.

член 13

На првата конститутивна седница се избира Претседател и негов заменик.

член 14

Советот на родителите се свикува по потреба, а најмалку 2 (два) пати во едно полугодие на учебната година.

Седниците ги свикува Претседателот на Советот на родителите, а во негово отсуство неговиот заменик со покана во писмена форрма со утврден дневен ред.

За работата на седницата се води записник, кој се усвојува на наредната седница на Советот на родителите.

член 15

Мандатот на Претседателот, заменикот и членовите на Советот на родителите трае 3 (три) години со можност за уште еден повторен избор за време од 3 (три) учебни години.

член 16

Функцијата на Претседателот, заменикот и членовите на Советот на родителите, може да им престане:

- по нивно барање;
- по истекот на времето за кое се избрани;
- ако го отповика Одборот на родителите;
- ако неговото дете го изгуби статусот на ученик во училиштето, по било кој основ;
- ако не присуствува двапати едноподруго на состаноците на Советот на родителите, а своето отсуство не го оправда;

член 17

Советот на родителите, ќе ги врши следните работи:

- избира 3 (три) члена во Училишниот одбор;
- зазема ставови по предлозите, мислењата, ставовите и препораките на Одборите на родителите;
- активно учество во организирање или спроведување на акциите за спречување на употреба на алкохол, пушење, дрога, психотропни супстанци и други негативни појави во училиштето;
- го следи воспитно – образовниот процес во училиштето;
- дава предлози, мислења за унапредување и усовршување на воспитно – образовниот процес во училиштето;
- дава мислење за предлог програмата за Развој на основното училиште и за Годишната програма за работа на училиштето;
- расправа за извештајот за работа на училиштето;
- предлага програми за подобрување на стандардите за настава;
- дава согласност на предлозите на директорот за воведување повисоки стандарди;
- разгледува жалби на родителите во врска со воспитно – образовната работа;
- избира претставници во Училишниот одбор на Основното училиште и врши други работи утврдени со Статутот на училиштето;
- врши и други работи кои не се во делокругот на органите на управување на училиштето и Одборите на родителите;

член 18

Советот на родителите своите заклучоци ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови во форма на препораки, мислења и сугестии и истите ги доставува до Училишниот одбор и Директорот на училиштето.

Седниците на Советот се одржуваат ако на истите се присутни 51% од вкупниот број на членови.

член 19

На седницата Советот на родителите може да присуствуваат и други лица кои што се поканети со покана во писмена форма.

На седницата исто така може да присуствуваат и вработени во училиштето и заинтересирани родители но без право на глас.

член 20

Членовите во Училишниот одбор избрани од Советот на родителите должни се да ги пренесуваат ставовите на Советот, а за донесените одлуки исто така должни се да дадат повратна информација до Советот на родителите.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 21

Со денот на влегување во сила на овој Деловник продолжува да важи мандатот на досега избраните членови на Советот на родителите.

член 22

Измени и дополнувања на овој Деловник се врши по истата постапка како и за донесувањето.

член 23

Со денот на влегување во сила на овој Деловник, престануваат да важат сите акти кои ја регулираат материјата регулирана со овој Деловник.

член 24

Овој Деловник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето.

бр.______________2018 година

Претседател на Совет на родители

________________________________

/Димитар Проданов/